ИНСТИТУТ ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ДИРЕКТОР: Доц. д-р Шабан МЕМЕТИ

# ИЗВЕШТАЈ ЗА СЛЕДЕЊЕ, ОЦЕНУВАЊЕ И ПЛАНИРАЊЕ НА ПРЕВЕНТИВНАТА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА РАБОТНИЦИТЕ ЗА ПЕРИОДОТ ОД 2022 ГОДИНА

**ЈЗУ ИНСТИТУТ ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**ДИРЕКТОР Доц. д-р ШАБАН МЕМЕТИ**

ОДДЕЛЕНИЕ ЗА МЕДИЦИНА НА ТРУД И ПРОЦЕНКА НА ЗДРАВСТВЕНИ РИЗИЦИ

**ПОДГОТВИЛ:**
Д-р Фљамуре Зеќири Кека , специјалист по медицина на труд, раководител на Одделение за медицина на труд и проценка на здравствени ризици

**СОРАБОТНИЦИ:**
Д-р Анита Цветковска , специјалист по медицина на труд
Сабиха Старова , дипл. медицинска сестра
Цветанка Невчева , специјализирана медицинска сестра по семејна и патронажна грижа
Александра Стојановиќ, медицинска сестра

**Скопје, 2023 година**

# ВОВЕД

Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија, преку неговото Одделение за медицина на труд и проценка на здравствени ризици, во 2016 година отпочна со прибирање, обработка и анализа на податоците за видот, обемот и содржината на извршената работа во овие установи.

Во изминатите години се постигна задоволителен прогрес во прибирањето на податоците и што е најважно, се обезбеди континуирано доставување на тромесечни извештаи од страна на најголем број на извештајни субјекти.

Водењето на евиденцијата во здравството е основа за креирање на политиките и донесување на одлуки за развој и унапредување на здравствениот систем. Оттука, и водењето на евиденциите за извршена работа во областа на безбедноста и здравјето на работа е предуслов за креирање и водење на политиките во оваа област, а со единствена цел за превенција на повредите на работа и професионалните болести, како и унапредување на здравјето на професионално експонираните работници.

Според член 5 од Законот за евиденции во областа на здравството, здравствените установи, вклучувајќи ги и овластените установи по медицина на труд, покрај индивидуалните евиденции, должни се да доставуваат и збирни евиденции во форма на статистички извештаи.

Оттука, во чл. 9, точка 23 од Законот за евиденции во областа на здравството е предвидено водење на евиденција од страна на овластените установи по медицина на труд, а со цел за следење, оценување и планирање на превентивната здравствена заштита на работниците.

Следејќи ја оваа законска обврска на овластените установи по медицина на труд, ЈЗУ Институт за јавно здравје на РСМ, Одделение за медицина на труд и проценка на здравствени ризици установи дека во текот на 2022 година зголемување на превентивните здравствени прегледи, во однос на претходната извештајна година за 15.0%, што е резултат на укинувањето на рестриктивните мерки поврзани со пандемијата на Ковид-19.

Овој извештај дава можност за целосен преглед на податоците за 2022 година и претставува појдовна основа за дефинирање на извештајниот процес кога станува збор за извршените превентивни активности во дејноста за медицина на трудот. Во отсуство на други релевантни податоци, извештајот има за цел да понуди елементи за проценка на

опфатот со услуги од областа на заштитата на здравјето на професионално експонираните работници во Република Северна Македонија. Во овој смисол треба да се истакне дека извештајните обрасци кои произлегуваат од периодот пред осамостојувањето на Република Северна Македонија, кои Центрите за јавно здравје во државата се уште ги прибираат, не се дизајнирани за да можат да ги дадат потребните податоци и не се соодветни на сегашната организациона поставеност за работа на овластените установи по медицина на труд. Претходните обрасци беа соодветни за следење на извршената работа во службите/диспанзерите по медина на труд, кои во тоа време работеа во дејноста на примарната здравствена заштита на работниците. Имајќи го ова во предвид, Одделението по медицина на труд и проценка на здравствени ризици при ЈЗУ ИЈЗ во тек на 2021 година се обрати до сите Центри за јавно здравје и нивните служби по социјална медицина и побара и тие да ги достават од нив прибраните податоци. Одговорија само службите за социјална медицина од 3 Центри за јавно здравје, со образложение дека тие не се одговорни за прибирање на податоците за работа на овластените установи по медицина на труд и имаат само случаен број на такви извештаи, за кои и самите се свесни дека се непотребни и несоодветни за овој степен на развој на превентивната здравствена заштита на работниците. Тоа беше уште една причина за континуитет во прибирањето на податоците за извршена работа од овластените установи по медицина на труд од стана на Одделението по медицина на труд и проценка на здравствени ризици при ЈЗУ ИЈЗ. Во продолжение се прикажани податоците од збирната евиденција за извршена работа во овластените установи за медицина на труд во 2022 година.

# А. Извештај за прибраните податоци и извршената работа во овластените установи за медицина на труд во Република Северна Македонија за периодот од 2022 година

## А.1.Анализа на динамиката на доставување на извештаи од страна на овластените установи за медицина на труд

За периодот од 01.01-31.12.2022 година, до Одделението за медицина на труд и проценка на здравствени ризици при ЈЗУ Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија, се доставени **35** Извештаи за следење, оценување и планирање на превентивната здравствена заштита на работницит од вкупно **40** овластени установи за медицина на труд. Овластените установи за медицина на труд (вкупно 40 установи), извештаите за следење, оценување и планирање на превентивната здравствена заштита на работниците ги доставуваат на официјална е-маил адреса на Одделението за медицина на труд при ЈЗУ Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија (medicinanatrud@iph.mk). За доставените извештаи тие добиваат повратна конфирмација, како доказ за извршената законска обврска за доставување на збирни извештаи за обемот на извршената работа.

Овластените установи за медицина на труд кои што немаат доставено Извештаи за следење, оценување и планирање на превентивната здравствена заштита на работниците за 2022 година, дополнително се известени/потсетени (писмено и телефонски), но и покрај тоа некои од нив сеуште ги немаат доставено потребните извештаи. Овластени установи за медицина на труд што немаат доставено збирен извештај за обемот на извршената работа за оваа година се:

1. ПЗУ Поликлиника Тоспаш-Скопје
2. ПЗУ Зегин медика-Скопје
3. ПЗУ Поликлиника Кардиолаб Маџаров-Охрид

Овластени установи за медицина на труд што немаат доставено збирен извештај за обемот на извршената работа поради прекин на дејност за оваа година се:

1. ПЗУ Н`НА Скопје
2. ПЗУ Поликлиника Медико Техник Александар Струмица

**Табела број 1.** Приказ на доставените извештаи за следење, оценување и планирање на превентивната здравствена заштита на работниците за 2022 година

| Реден број | Работна организација | I | Забелешка |
|---|---|---|---|
| 1 | ЈЗУ Здравствен дом Битола | √ | |
| 2 | ЈЗУ Здравствен дом Велес | √ | |
| 3 | ПЗУ д-р Тања Велес | √ | |
| 4 | ПЗУ ПК Д-р Лоренцо-Виница | √ | |
| 5 | ПЗУ Д-р Чирков Кавадарци | √ | |
| 6 | ПЗУ Ера Медика Кичево | √ | |
| 7 | ЈЗУ Здравствен дом Куманово | √ | |
| 8 | ПЗУ Медицина на труд Битола | √ | |
| 9 | ЈЗУ Здравствен дом Охрид | √ | |
| 10 | ПЗУ Полик.Кардиолаб Маџаров Охрид | √ | |
| 11 | ЈЗУ Здравствен дом Прилеп | √ | |
| 12 | ЈЗУ Здр.дом на Скопје-Пол.Јане Сандански-мед.на труд | √ | |
| 13 | ЈЗУ Здравствен дом Железничар Скопје | √ | |
| 14 | ЈЗУ Здравствена станица Железара Скопје | √ | |
| 15 | ГОБ 8-ми Септември Скопје | √ | |
| 16 | ЈЗУ Институт за јавно здравје Скопје | √ | |
| 17 | ЈЗУ Институт за медицина на трудот на Р.М Скопје | √ | |
| 18 | ПЗУ Санте плус 2-Скопје | √ | |
| 19 | ПЗУ Поликлиника на примарно ниво Гуги блу Гостивар | √ | |
| 20 | ПЗУ Поликлиника Медика Плус Скопје | √ | |
| 21 | ПЗУ Интермед Арт Скопје | √ | |
| 22 | ПЗУ Примамед Скопје | √ | |
| 23 | ПЗУ Лукс Медикус Скопје | √ | |
| 24 | ПЗУ Зегин медика Скопје | ● | |
| 25 | ПЗУ Поликлиника Медика Скопје | √ | |
| 26 | ПЗУ Н`НА Скопје | | Прекин на дејност |
| 27 | ПЗУ Превемед Скопје | √ | |
| 28 | ПЗУ Поликлиника Медика Крива Паланка Подружница Скопје | √ | |
| 29 | ПЗУ Ресхумана Скопје | √ | |
| 30 | ПЗУ Поликлиника Тоспаш Скопје | ● | |
| 31 | ПЗУ Д-р Драган-Куманово | √ | |
| 32 | ПЗУ Поликлиника Медика Струмица | √ | |
| 33 | ПЗУ Ели Медика Струмица | √ | |
| 34 | ПЗУ Поликл. Медико Техник Александар Струмица | | Прекин на дејност |
| 35 | ПЗУ Полик. Натура Медика Тетово | | |
| 36 | ПЗУ Д-р А. Николов Штип | √ | |
| 37 | ПЗУ Д-р Ружа Штип | √ | |
| 38 | ПЗУ Медика Центре-Тетово | √ | |
| 39 | ЈЗУ О.Б со проширена дејност-Кочани | √ | |
| 40 | ЈЗУ Здравствен Дом д-р Панче Караѓозов-Штип | √ | |
| ***Легенда** | **Доставен извештај √ Недоставен извештај ●** | | |

## А.2. Извештај за ангажирани здравствени и други работници во овластените установи за медицина на труд

Овластените установи за медицина на труд функционираат во рамките на различни организациони форми: како самостојни здравствени установи или како посебни одделенија и/или функционални целини во рамките на поголеми здравствени установи.
Во текот на 2022 година во овластените установи за медицина на труд се ангажирани вкупно 322 вработени, од кои здравствени работници и здравствени соработници се 269 (62.0%), а 123 (38.0%) се нездравствени работници.

Од вкупниот број на работници, доктори се 95 (30.0%), од кои 15 (16.0%) се доктори по општа медицина, а 10 (11.0%) доктори се на специјализација, специјалисти од други специјалности се 28 (29.0%), а специјалисти по медицина на труд се 42 (44.0%) доктори.
Во однос на ангажираниот кадар, во овластените установи по медина на труд се ангажирани вкупно 104 медицински сестри, што претставува 32.0% од вкупно ангажираниот кадар во оваа дејност.

Здравствени соработници има вкупно 123, од кои со високо образование вкупно 51 и со средно образование вкупно 19 вработени, што претставува 22.0% од вкупниот број на вработени работници во овластените установи за медицина на трудот. Бројот на нездравствени работници е 53 и тие во структурата на вкупно вработените лица во овластените установи за медицина на труд учествуваат со 16.0%.
Податоците за бројот на ангажирани лица во овластените установи по медицина на труд во текот на 2022 година според степенот на нивното образование е даден во Табела број 2.

**Табела број 2. Приказ на вработените лица во овластените установи по медицина на труд според стручна подготовка во 2022 година**

| | Здравствени работници | | | | | | | Здравствени соработници | | Нездраствени работници |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Лекар | | | | | медицински сестри | | со ВСС | со ССС | вкупно |
| | | општа медицина | на специјализација | специјалисти по медицина | останати специјалисти | вкупно | медицински сестри- | | | |
| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |
| **Вкупно** | 95 | 15 | 10 | 42 | 28 | 104 | 104 | 51 | 19 | 53 |
| **Вкупно персонал - 322** | | | | | | | | | | |

## А.3. Извештај за извршените превентивни медицински прегледи

Податоците од доставените извештаи за видот, обемот и содржината на превентивните здравствени прегледи, укажуваат дека овластените установи за медицина на труд во периодот од 01.01-31.12.2022 година имаат реализирано вкупно 138.928 превентивни здравствени прегледи, од кои 89.090 (64.0%) се систематски прегледи, 43.251 (31.0%) се периодични прегледи, 6.182 (4.5%) претходни и 405 (0.5%) насочени здравствени прегледи.

Податоците покажуваат дека се реализирани вкупно 89.090 систематски прегледи. Тоа се прегледи на работници кои работат на работни места каде не постои зголемен ризик и кај кои се проверува општатата здравствена состојба и општата работна способност. Најголем број од овие прегледи се извршени во просториите на овластената установа за медицина на труд вкупно 63593 (71.0%), а само 25.497 (29.0%) прегледи се извршени во просториите на работодавачот.

Извршени се вкупно 43.251 периодични прегледи, од кои 33.609 (78.0%) прегледи се извршени во просториите на овластената установа за медицина на труд и 9.642 (22.0%) во просториите кај работодавачот. Тоа се прегледи на работници кои работат на работни места каде постои зголемен ризик и кај кои се проверува специфичната здравствена состојба и специфичната работна способност, за конкретното работно место на кое се вработени/распоредени испитуваните работници.

Извршени се вкупно 6.182 претходни прегледи, од кои 5.701 (92.0%) прегледи се извршени во просториите на овластената установа за медицина на труд и 481 (8.0%) во просториите на работодавачот.

Извршени се и 405 насочени прегледи, од кои 403 (99.5%) во просториите на овластената установа за медицина на труд и 2 (0.5%) во просториите на работодавачот.

Ако се има во предвид вкупниот број на вработени лица во Република Северна Македонија, кој во моментот изнесува 693.062, произлегува дека опфатот со превентивни здравствени прегледи на работниците во Република Северна Македонија изнесува 20.0%.
Во споредба со стандардите и нормативите што ги посочуваат Светската здравствена организација и другите релевантни меѓународни организации, ова претставува исклучително мал опфат на работнците во нашата земја со активностите од делот на професионалното здравје.
Приказот на извршени превентивни здравствени прегледи е даден во Табела број 3.

**Табела број 3. Приказ на реализирани превентивни здравствени прегледи во овластените установи по медицина на труд во 2022 година**

| | ОБЕМ НА ИЗВРШЕНА РАБОТА | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | систематски прегледи | | периодични прегледи | | претходни прегледи | | насочени прегледи | |
| | во овластена институција | кај работодавачот | во овластена институција | кај работодавачот | во овластена институција | кај работодавачот | во овластена институција | кај работодавачот |
| **Број** | **63593** | **25497** | **33609** | **9642** | **5701** | **481** | **403** | **2** |
| **Вкупно** | **89090** | | **43251** | | **6182** | | **405** | |

## А.3.1. Извештај за извршени систематски прегледи (вкупен број на прегледи) во 2022 година

Како што претходно беше појаснето, систематските прегледи имаат за цел контрола на општата здравствена состојба и општата работна способност, со оглед дека работниците се распоредени на работни места каде не постои зголемен ризик. Од вкупниот број на реализирани систематски прегледи 89.090, 63.593 или 71.0% се реализирани во работните простории на овластената установа за медицина на трудот, а 25.497 останатите или 29.0% кај работодавачот.

Содржината на систематскиот преглед е утврден со чл.22 од Законот за безбедност и здравје на работа (Сл. Весник РМ бр. 53/13 – пречистен текст). Динамиката на нивното изведување изнесува еден преглед на секои 24 месеци.

Од вкупниот број на реализираните систематски прегледи 89.090, способни за работа се 87.862 или 98.6 %, 36 или 0.1% се неспособни и 1192 или 1.3% способен со ограничување. Кај 53.0% од прегледаните работници се утврдени одредени отстапувања во здравствената состојба. Тоа значи дека секој втор работник кој работи на работни места каде не постои

зголемен ризик има одредени отстапувања во здравствената состојба. Патолошките состојби т.е. утврдените отстапувањата се однесуваат на состојбите што се регистрирани во текот на систематскиот преглед, а се утврдени како задолжителна содржина на систематскиот преглед.

**Табела број 4. Приказ на утврдена способност за работа при реализираните превентивни здравствени прегледи од страна на овластените установи по медицина на труд во 2022 година**

| | УТВРДЕНА СПОСОБНОСТ ЗА РАБОТА | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | систематски прегледи | | | периодични прегледи | | | претходни прегледи | | | насочени прегледи | | |
| | способен | неспособен | способен со ограничување | способен | неспособен | способен со ограничување | способен | неспособен | способен со ограничување | способен | неспособен | способен со ограничување |
| Број | 87862 | 36 | 1192 | 41827 | 26 | 1398 | 613 2 | 9 | 41 | 312 | 10 | 83 |
| Вкупно | 98090 | | | 43251 | | | 6182 | | | 405 | | |

## А.3.2. Извештај за извршени периодични прегледи во 2022 година

Периодични прегледи се вршат кај оние работници кај кои според направената проценка на ризик е утврдено дека работат на работни места каде постои зголемен ризик на работните места. Според поделбата на професионалните опасности и професионалните штетности што можат да се јават на работните места, периодичните прегледи се категоризирани во неколку групи и тоа :

- **Работни места каде зголемениот ризик е поради постоење на специфични барања и оптеретувања,**

- **Работни места каде постои зголемен ризик поради присуство на физички штетности:**
    - Бучава
    - Неповолни микроклиматски услови
    - Општи вибрации
    - Локални вибрации
    - Јонизирачко зрачење

- **Работни места каде постои зголемен ризик поради изложеност на хемиски штетности:**
    - Метали и неметали
    - Органски соединенија
        - Циклични и ациклични јаглеводородни соединенија
        - Пестициди
        - Винил хлорид
    - **Останати материи**
        - Фиброгена прашина
        - Азбест
        - Канцерогени материи

- **Работни места каде постои зголемен ризик поради изложеност на биолошки штетности:**
    - Изложеност на туберкулозен бацил
    - Вируси на хепатит Б и/или Ц
    - Изложеност на ХИВ/СИДА
    - Изложеност на други биолошки штетности

- **Посебни штетности и опасности:**
    - Работа на височина на 3+ метри
    - Работа под земја
    - Работа ноќе
    - Внатрешен транспорт
    - Управување со одговорни системи

Во текот на 2022 во овластените установи за медицина на трудот се реализирани вкупно 43.251 периодични прегледи, од кои 33.609 или 78.0% се реализирани во работните простории на овластената установа за медицина на трудот, а 9.642 или 22.0% од вкупниот број на периодични прегледи се реализирани во просториите на работодавачот.

Од вкупниот број на реализираните периодични прегледи, способни за работа се 41.827 работници или 96.7%, 26 или 0.1% неспособни и 1.398 или 3.2% способен со ограничување.

Кај 14.324 работници се направени испитувања во рамките на периодичните прегледи поради постоење на специфични барања и оптеретувања на работното место.

Поради зголемен ризик на работно место при изложеност на физички штетени агенси се реализирани вкупно 34.566 прегледи, од кои изложеноста на бучава како фактор на ризик на работното место постои кај 13.711 работници. Тоа значи дека од испитуваните работници изложени на физички штетности 32.0% од испитуваните работници се изложени на дејство на бучава која претставува зголемен ризик за оштетување на нивното здравје и работна способност.

Зголемен ризик поради изложеност на општи и локални вибрации постои кај 10.327 (24.0%).

Изложеност на неповолни микроклиматски услови постои кај 9.051 (21.0%) од работниците, а доколку пак изложеност на јонизирачко зрачење е регистрирано кај 1.477 (3.0%) од работници.

Изложеност на хемиски супстанци што претставуваат зголемен ризик за оштетување на здравјето и работната способност на професионално експонираните работници се регистрирани кај 10.321 од прегледуваните работници. Тоа значи дека (24.0%) речиси 4/3 од вкупно испитуваните работници работата ја изведуваат во услови на зголемен ризик од хемиски супстанци, од кои најчести се изложеност на фиброгена и нефиброгена прашина,

гасови, метали и неметали и органски соединенија (циклични, ациклични и други соеднинениjа).

На биолошки агенси што претставуваат зголемен ризик за здравјето и работната способност на професионално експонираните работници, се изложени 16.690 работници или околу 39.0% од работниците. Тоа значи дека секој 2.5 работник од испитаните 43.251 работници работи во услови на изложеност на биолошки агенси.

Посебни штетности и опасности како причина за зголемен ризик на работното место се регистрирани кај 38.692 работници. Најголем број од нив се поради работа ноќе и тоа вкупно 13.868 (32.0%), а 12.613 работници (29.0%) од работниците што работат под посебни штетности и опасности работат на височина на три и над три метри.

Врз основа на овие податоци, може да се констатира дека во 2022 година се реализирани 43.251 периодични прегледи, поради изложеност на 5 групи на штетности. Дополнителната анализа на овие податоци укажува дека секој работник кој работи на работно место каде постои зголемен ризик истовремено е изложен на 3 штетности и опасности, или постојат зголемени специфични барања за обавување на работата.

На Табела бр.5 се прикажани податоците за изложеност на одредени видови на штетности и опасности кај работниците кај кои се извршени периодични медицински прегледи т.е. прикажани се професионалните штетности што претставуваат зголемен ризик за оштетување на здравјето и работната способност кај професионално експонираните работници.

**Табела број 5. Приказ на видови на штетности и опасности што претставуваат зголемен ризик за професионалното здравје на работниците**

| | 1.Поради специфични барања и оптеретувања | 2.Физички штетности | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 2.2 Бучава | 2.3 Работа во неповолни микро климатски услови | 2.4 Вибрации | | 2.8 Јонизирачко зрачење |
| | | | | 2.4.1. Општи | 2.4.2. Локални | |
| **Број** | **14324** | **13711** | **9051** | **5679** | **4648** | **1477** |
| **Вкупно** | **14324** | **34566** | | | | |

| | 3.Хемиски штетности | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 3.1 метали и неметали | 3.2 гасови | 3.3 Органски соединенија | | | 3.4 Останати материи | | | |
| | | | 3.3.1-3.3.6 Циклични, ациклични идруги соединенија | 3.3.7 Пестициди | 3.3.10 Винил хлорид | 3.4.3 Фиброгена Прашина | 3.4.4 Не фиброгена прашина | 3.4.5 Азбест | 3.4.6 Канцерогени материи |
| **Број** | **1735** | **2099** | **1663** | **54** | **0** | **4770** | **0** | **0** | **0** |
| **Вкупно** | **10321** | | | | | | | | |

| | 4.Биолошки агенси | | | | 5. Посебни штетности и опасности | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 4.1 изложеност на туберкулозен бацил | 4.2 изложеност на вирусите на хепатитис Б и/или Ц | 4.3 изложеност на вирусите на ХИВ | 4.4 изложеност на други(ненаведени) биолошки штетности | 5.1работа на височина на три и над три метри | 5.2 работа под земја | 5.3 работа ноќе | 5.4 внатрешен транспорт(возачи навиљушкари,дигалк и.) | 5.5 управување со одговорни системи (системи со посебни барања,сложени системи) |
| **Број** | **2020** | **5369** | **4467** | **4834** | **12613** | **3469** | **13868** | **6400** | **2342** |
| **Вкупно** | **16690** | | | | **38692** | | | | |

## А.3.3. Извештај за извршени претходни прегледи во 2022 година

Претходните прегледи се оние прегледи што се изведуваат кај работниците кои се вработуваат или се распоредуваат на работни места каде што постојат физички, хемиски или биолошки штетни агенси т.е. постои специфичен професионален ризик за заболување и повредување. Во случај на отсуство од работа подолго од 12 месеци, исто така се врши претходен преглед.

Од вкупниот број на реализирани прегледи за 2022 година, извршени се вкупно 6.182 претходни прегледи, од кои 5.701 (92.0%) прегледи се извршени во просториите на овластената установа за медицина на труд и 481 (8.0%) во просториите на работодавачот.

Во однос на работната способност, способни за работа се 6.132 работници или 99.2 %, 9 или 0.2% неспособни и 41 или 0.6% способен со ограничување.

Овие здравствени прегледи даваат податоци за тоа дали работникот е способен за работа на истото или друго работно место, а се идентификува и потребата за професионална преквалификација ( рехабилитација ) на работникот.

## А.3.4. Извештај за извршени насочени прегледи во 2022 година

Насочените прегледи имаат за цел вонредна проверка на здравствената состојба и работната способност во одредени специфични ситуации што не се опфатени со периодичните медицински прегледи.

Од вкупниот број на реализирани прегледи за 2022 година, извршени се 405 насочени прегледи, од кои 403 (99.5%) во просториите на овластената установа за медицина на труд и 2 (0.5%) во просториите на работодавачот. Во однос на работната способност, способни за работа се 312 работници или 77.0%,10 или 2.5% неспособни и 83 или 20.5% способен со ограничување.

Насочените прегледи се вршат по завршување на боледувањето по основ на тешка повреда на работа и подолго време на лекување, по заболувања или повреди кои не се поврзани со работата доколку постои сомневање за намалена работна способност, ако постои сомневање дека дошло до нарушување на здравјето како последица на работа на одреденото работно место, ако се работи за работник кој во тек на една календарска година се повредил најмалку три пати и ако се работи за работник кој поради нарушување на здравствената состојба бил најмалку пет пати болнички лекуван во текот на една календарска година.

# ЗАКЛУЧОЦИ

1. Во чл. 9 од Законот за евиденции во областа на здравството, здравствените установи, во зависност од дејноста што ја вршат, се обврзуваат да водат и збирни евиденции за својата работа. Во точка 23 од истиот член се воспоставува обврска за воспоставување на збирна евиденција за следење, оценување и планирање на превентивната здравствена заштита на работниците.
2. Согласно чл. 5 од Законот за евиденции во областа на здравството (Сл. Весник бр. 20/2009) и неговите измени и дополнувања (Сл. Весник бр. 53/11 и 164/13), Институтот за јавно здравје на Република Северна Македонија е единствен носител на здравствената статистика за евиденциите што задолжително се водат во здравствените установи. Секоја здравствена установа е обврзна да води индивидуални и збирни евиденции и податоците да ги доставува до 10-те Регионалните центри за јавно здравје во Републиката.
3. Во изминатите неколку години Институтот за јавно здравје на Република Северна Македонија ги дизајнираше новите извештајни обрасци за индивидуалните евиденции набројани погоре, спроведе расправа со релевантните субјекти за нивната применливост и работеше на дизајнирање на патеката за нивно пријавување.
4. Во текот на 2022 година е забележано зголемување на превентивните здравствени прегледи, во однос на претходната извештајна година за 15.0%, како резултат на укинувањето на рестриктивните мерки поврзани со Пандемијата на Ковид-19.

5. Во текот на 2022 година во овластените установи за медицина на труд се ангажирани вкупно 322 вработени, од кои здравствени работници и здравствени соработници се 269 (62.0%), а 123 (38.0%) се нездравствени работници.
6. Од вкупниот број на работници, доктори се 95 (30.0%), од кои 15 (16.0%) се доктори по општа медицина, а 10 (11.0%) доктори се на специјализација, специјалисти од други специјалности се 28 (29.0%), а специјалисти по медицина на труд се 42 (44.0%) доктори.
7. Во однос на ангажираниот кадар, во овластените установи по медина на труд се ангажирани вкупно 104 медицински сестри, што претставува 32.0% од вкупно

ангажираниот кадар во оваа дејност.

8. Здравствени соработници има вкупно 123, од кои со високо образование вкупно 51 и со средно образование вкупно 19 вработени, што претставува 22.0% од вкупниот број на вработени работници во овластените установи за медицина на трудот. Бројот на нездравствени работници е 53 и тие во структурата на вкупно вработените лица во овластените установи за медицина на труд учествуваат со 16.0%.
9. Податоците од доставените извештаи за видот, обемот и содржината на превентивните здравствени прегледи, укажуваат дека овластените установи за медицина на труд во периодот од 01.01-31.12.2022 година имаат реализирано вкупно 138.928 превентивни здравствени прегледи, од кои 89.090 (64.0%) се систематски прегледи, 43.251 (31.0%) се периодични прегледи, 6.182 (4.5%) претходни и 405 (0.5%) насочени здравствени прегледи.
10. Ако се има во предвид вкупниот број на вработени лица во Република Северна Македонија, кој во моментот изнесува 693.062, произлегува дека опфатот со превентивни здравствени прегледи на работниците во Република Северна Македонија изнесува 20.0%. Во споредба со стандардите и нормативите што ги посочуваат Светската здравствена организација и другите релевантни меѓународни организации, ова претставува исклучително мал опфат на работнците во нашата земја со активностите од делот на професионалното здравје.
11. Од вкупниот број на реализирани превентивни прегледи, 89.090 се систематски прегледи. Во однос на работната способност кај 87.862 т.е 98.6 % од прегледаните работници е утврдено дека имаат сочувана работна способност и немаат контраиндикации за понатамошно обавување на работата. Како неспособни за работа се идентификувани 36 испитувани работници т.е 0.1% од вкупниот број, а способни со ограничување вкупно 1.192 т.е 1.3%.
12. Од вкупниот број превентивни здравствени прегледи, 43.251 се периодични прегледи. Во однос на работната способност, способни за работа се 41.827 работници или 96.7%, 26 или 0.1% неспособни и 1.398 или 3.2% способен со ограничување.

13. Од вкупниот број превентивни здравствени прегледи, 6.182 се претходни прегледи. Во однос на работната способност, способни за работа се 6.132 работници или 99.2 %, 9 или 0.2% неспособни и 41 или 0.6% способен со ограничување.
14. Од вкупниот број превентивни здравствени прегледи, 405 се насочени прегледи. Во однос на работната способност, способни за работа се 312 работници или 77.0%, 83 или 20.5% способен со ограничување. Неспособни работници 10 или 2.5%.
15. Кај 14.324 работници се направени испитувања во рамките на периодичните прегледи поради постоење на специфични барања и оптеретувања на работното место.
16. Поради зголемен ризик на работно место при изложеност на физички штетени агенси се реализирани вкупно 34.566 прегледи, од кои изложеноста на бучава како фактор на ризик на работното место постои кај 13.711 работници. Тоа значи дека од испитуваните работници изложени на физички штетности 32.0% од испитуваните работници се изложени на дејство на бучава која претставува зголемен ризик за оштетување на нивното здравје и работна способност.
17. Зголемен ризик поради изложеност на општи и локални вибрации постои кај 10.327 (24.0%).
18. Изложеност на неповолни микроклиматски услови постои кај 9.051 (21.0%) од изложените работници.
19. Изложеност на јонизирачко зрачење е регистрирано кај 1.477 (3.0%) од изложените работници.
20. Изложеност на хемиски супстанци што претставуваат зголемен ризик за оштетување на здравјето и работната способност на професионално експонираните работници се регистрирани кај 10.321 од прегледуваните работници. Тоа значи дека 24.0% од вкупно испитуваните работници работата ја изведуваат во услови на зголемен ризик од хемиски супстанци, од кои најчести се изложеност на фиброгена и нефиброгена прашина,гасови,метали и неметали и органски соединенија (циклични, ациклични и други соеднинении ја).

21. На биолошки агенси што претставуваат зголемен ризик за здравјето и работната способност на професионално експонираните работници, се изложени 16.690

работници или околу 39.0% од работниците и кај нив се реализирани периодични здравствени прегледи во текот на 2022 година.

22. Посебни штетности и опасности како причина за зголемен ризик на работното место се регистрирани кај 38.692 работници. Најголем број од нив се поради работа ноќе и тоа вкупно 13.868 (32.0%), а 12.613 работници (29.0%) од работниците што работат под посебни штетности и опасности работат на височина на три и над три метри.
23. Квалитетот на доставените податоци за видот и обемот на извршената работа од страна на овластените установи по медицина на трудот, како и отсуството на лабораториска инфраструктура, наметнува потреба овие податоци да се анализираат и интерпретираат со голема професионална претпазливост.
24. Неопходно е воспоспоставување на соодветна лабораториска инфраструктура и воспоставување на акредитирани методи за одредување на биолошките маркери на изложеност и на ефектите при професионална експозиција на физички, хемиски и биолошки агенси, затоа што само на таков начин превентивните здравствени прегледи ќе бидат соодветни на стручните и законски барања и ќе ја оправдаат својата цел.
25. Неопходно е да се утврди Национална стратегија за воспоставување на интегриран систем за прибирање на точни, релевантни и сеопфатни индикатори во областа на безбедност и професионалното здравје, како основ за планирање на превентивните политики во оваа област и следење на прогресот во нивната имплементација.